Република Македонија
**Министерство за информатичко општество и администрација**

[redacted]

ДО:
МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
Ул.Никола Парапунов бр.41-а, Општина Карпош, 1000 Скопје

Архивски бр.08/1-4326/2
Дата: 06.08.2018
Република Македонија
Министерство за информатичко општество и администрација

**бул.„Св.Кирил и Методиј" бр.54**
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3200 870
Факс. (02) 3221 883
Е-пошта: contact_mis@mis.gov.mk
Сајт: www.mio.gov.mk

**ПРЕДМЕТ**:Известување

Почитувани,

На вториот од серијата „Отворени денови за иницијативи на граѓанските организации:Борба против корупција", од Ваша страна до Владата на Република Македонија доставена е иницијатива за создавање на функционална рамка за борба против корупцијата, чија цел е спроведување на реформи во антикорупциските политики во насока на барањата на ЕУ, кои ќе обезбедат стабилна легислатива и тела надлежни за борба против корупцијата.

Во поглед на доставената иницијатива, Министерството за информатичко општество и администрација (во понатамошниот текст МИОА), Ве известува дека, согласно Законот за организација и работа на органите на државната управа, предлагањето на регулативата за антикорупциските политики, во која би се инкорпорирале препораките содржани во извештаите за Република Македонија на Европската Комисија , Итните реформски приоритети за Република Македонија, препораките на групата на Високи експерти предводена од Рајнхард Прибе е **во надлежност на Министерството за правда**, а реализацијата на мерките и активностите е во **надлежност на Државната комисија за спречување на корупцијата**.

МИОА има превземено сет на мерки и активности, со цел јакнење на партиципативноста на засегнатите страни во создавањето на мерки за подобрување на антикорупциската политика, содржани во Стратегијата за Реформа на јавната администрација 2018 – 2022; Стратегијата за отворени податоци 2018-2020; и Четвртиот Национален Акциски план за Отворено владино партнерство 2018-2020. Во однос на овие активности за кои

МИОА е надлежно, остануваме отворени за понатамошна соработка.

Земајќи го предвид погоре наведеното, иако Иницијативата ја сметаме за релевантна, МИОА не е надлежна институција за реализација на истата.

Со почит,

ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР
М-р. Јахи Јахија

**подготвил**
**Петар Богучевски**
Одобрил/согласен
Кристина Димовска

Архивски бр. __________
Дата:
Република Македонија
Министерство за информатичко општество
и администрација

**бул.„Св.Кирил и Методиј" бр.54**
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3200 870
Факс. (02) 3221 883
Е-пошта: contact_mis@mis.gov.mk
Сајт: www.mio.gov.mk